USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ОБУКА ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## јуни 2021
## х. Парк, Скопје

Обуката се спроведува од Центар за граѓански комуникации во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

# Зошто треба да се следат јавните набавки?




## Обука за граѓански организации за следење на јавните набавки

**Скопје, јуни 2021 година**

**Герман Филков**

# ШТО Е ЈАВНА НАБАВКА?

**Купување или стекнување стоки, услуги и работи од страна на државните институции преку фирми од приватниот сектор.**







# ЗОШТО СЕ ВАЖНИ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ?

Се трошат пари на граѓаните и фирмите, на сите нас.

Поради тоа од институциите се бара:

- да се однесуваат со тие пари како со сопствени,
- да обезбедат најдобра вредност на потрошените пари и
- да го купат најисплатливото.

Како најзначајна активност меѓу државата и фирмите – најподложна на корупција.

Бидејќи корупцијата почива врз притајувањето – транспарентноста е најмоќното оружје против неа.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

**Бидејќи се трошат туѓи пари, процесот мора да биде:**

**- јавен, јасен и транспарентен.**

**За да бидат граѓаните и фирмите сигурни дека нивните пари се трошат наменски, рационално и ефикасно – луѓето што ги трошат тие пари мора да бидат отчетни за својата работа.**

**Отчетност не само кон фирмите-учеснички, туку пред сè кон граѓаните, односно нивните претставници (медиумите и граѓанските организации).**

# КАКО ДА СЕ ПОСТИГНЕ ТОА?



# СИСТЕМ НА ЈАВНИ НАБАВКИ



# НАЧЕЛА

Спроведувањето на набавките треба да обезбедува:

- економичност,
- ефикасност,
- ефективност,

Набавки за остварување на целите, наменски и помалку средства без да се доведе во прашање квалитетот

- конкуренција,

Да не се ограничува конкуренцијата

- транспарентност,

Сите релевантни информации да се достапни на сите учесници

- еднаков третман и недискриминација и

Без повластен третман или дискриминација на одредени понудувачи

- сразмерност.

Предметот на набавка и условите за учество да бидат дефинирани сразмерно на потребите и набавката

# ЈАВНА НАБАВКА: ТЕРМИНОЛОГИЈА

Законот не дава дефиниција на јавните набавки, но ја дефинира постапката за доделување договор за јавна набавка како...

**„постапка што ја спроведуваат еден или повеќе договорни органи чија цел или дејство е купување или стекнување на стоки, услуги или работи“.**

# УЧЕСНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

- Договорни органи (ДО): **државни институции**
  1.461 регистрирани на ЕСЈН

- Економски оператор (ЕО): **фирми**
  6.941 (во 2018: 4.888)

- Понудувачи Vs. Носители на набавка

# ДОГОВОРНИ ОРГАНИ

- Државни органи
- Органи на единиците на локалната самоуправа (општините) и на градот Скопје
- Јавни претпријатија
- Акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност во државна сопственост и
- Правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер и кои во најголем дел се финансирани од државни органи.

# НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

- Министерство за финансии www.finance.gov.mk
- Биро за јавни набавки (БЈН) www.bjn.gov.mk
- Државна комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) www.dkzjn.mk
- Управен суд www.usskopje.mk
- Виш управен суд www.vusskopje.mk
- Државен завод за ревизија (ДЗР) www.dzr.gov.mk
- Државна комисија за спречување на корупцијата www.dksk.mk

# БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Орган во состав на МФ, со својство на правно лице

Предлага и изработува регулатива

Го одржува и надградува ЕСЈН

Спроведува едукација и сертификација за јавни набавки

Ги координира активностите во врска со претпристапните преговори за Поглавје 5

Спроведува управна контрола

Дава согласност за „директните договори“ (ексклузивни права и крајна итност)

# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

Решава по жалбите

Независен и самостоен државен орган со својство на правно лице

Претседател и четири членови (пет години +)

Рок за жалба десет и пет денови

Постапува по жалби и по службена должност

ДО во рок од 5 дена доставува документи и одговор

ДКЖЈН одлучува во рок од 15 дена

# РЕГУЛАТИВА

Закон за јавните набавки (на сила од април 2019 година)

Усогласен со Директивите на ЕУ за јавни набавки

Вклучи препораки од граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата

Сè уште има некои аспекти кои не се усогласени со Директивите

# ЗАКОН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Предмет, дефиниции и начела**

**Договорни органи и правила**

**Исклучоци**

**Постапки**

**Огласи и известувања**

**Утврдување способност**

**Избор на најповолна понуда**

**Правна заштита**

**Управна контрола**

**Прекршочни одредби**

# ЈАВНА НАБАВКА Vs ТЕНДЕР

- „Тендер“ е често супститут за јавна набавка
- И законот вели – тендерска документација
- Да не се мешаат двата термина
- Тендер е поширок термин од јавна набавка
- Тендер е натпревар, аукција и сл.
- Секоја јавна набавка е тендер, не секој тендер е јавна набавка